**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Дванаесеттото продолжение на Сто и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 2 април 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12.33 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците кои се уште не влегле во салата, а сега се наоѓаат во Собранието да повелат да влезат во салата, да започнеме со работа.

Уште еднаш ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по Сто и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Мери Младеновска- Ѓеорѓиевска, Лазар Китаноски, Фиат Цаноски, Али Ахмети, Садула Дураку, Арбен Џафери, Мендух Тачи и Владо Бучковски, Љубчо Георгиевски и Оливер Шамбевски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

На седницата присуствуваат доволен број пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Претресот по предлогот за донесување на Законот е заклучен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување.

Ве повикувам да гласаме.

**Љубиша Георгиевски:** Момент, момент процедурално побара збор господин Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Ви благодарам господине претседател, почитувани колеги пратеници.

Со вчерашната информација ние како парламентарна група на ДУИ сме вознемирени со составот на делегацијата која што учествува во Самитот во Букурешт. Од 46 членови на делегацијата кои што се испратени од Република Македонија на владино и претседателско ниво учествува само еден учесник од Албанската заедница и тоа господинот Имер Селмани. Се поставува прашањето каде е мултиетничкоит состав на едно општество, на Република Македонија, зошто Република Македонија, делегацијата на Владата на Владата на Република Македонија во својот состав не ја искажува реалната мултиетничка реалност на македонското општество, како прво.

Второ, зошто оваа делегација во својот состав нема претставник од сите шефови на парламентарни групи, било тоа да се опозиција или од парламентарното мнозинство. Зошто парламентарното мнозинство и Владата не го земале ова предвид. Значи да има учесник од Албанската националност и од другите националности кои што живеат во Република Македонија. Знаејќи дека нашата парламентарна група била доследна, била принципиелна и била конструктивна, сме ги гласале сите закони кои што се во однос на европска унија, кои што се во однос на НАТО и сме биле конструктивни. Во однос на тоа дека сме биле во критична фаза, сме ја подржувале Македонија во текот на критичното спорно прашање за името, значи сме ја подржале оваа Влада на малцинство. Затоа барам на дневен ред да се стави иформација на Владата околу составот на делегацијата и за тоа зошто не се опфатени и значително поголемиот дел во оваа делегација, значи од заедницата на Албанците и исто од шефовите на парламентарните групи. Знаејќи дека една наша соседна држава која што претендира да биде членка на НАТОструктурите во составот на нејзината делегација имала шефови на парламентарни групи на сите парлментарни групи од нивното Собрание така што го земале и шефот на најголемата опозициона партија во нивната делегација. Значи каде е конструктивноста на оваа Влада, каде е реалноста на оваа Влада. Како мисли премиерот на Република Македонија да ја претстави и застапува на Самитот во Букурешт, на една средба која што е волуминозна средба и да не кажам дека за Република Македонија е вековна средба.

Благодарам, господине претседател.

Мислам дека оваа информација треба да се стави на дневен ред.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи за денешната седница дневноит ред е веќе утврден од една страна, а бидејќи Владата знаеме кај се наоѓа, воглаво и на каква задача од друга страна, предлагам да го доставите ова барање ваше во писмена форма за една од најблиските седници кога Владата и онака ќе биде во состојба да може овде да даде информација која барате. Да се бара денес информација од Владата тешко може да се добие релеватно. Благодарам.

Повелете, господине Митаноски.

**Веле Митановски :** Благодарам, претседателе.

Во добар дел тоа што сакав да го кажам вие го посочивте, меѓутоа бидејќи пред вас побарав збор, сакам ние денеска сепак да констатираме дека во составувањето на делегацијата навистина реално се направени низа пропусти. Меѓутоа јас сакам почитуваните колеги да ги замолам во контекст на тоа што вие го кажавте за таа работа да разговараме по враќањето на делегацијата. Сепак да се издигнеме над нашите сепаратни

интереси и да му дадеме предност на државниот интерес во овој момент, благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете господине Незири.

**Сафет Незири:** Благодарам господине претседателе.

Знаејќи ја вашата позиција како претседател на Собранието на Република Македонија и најодговорен човек во однос на сите пратеници кои се во ова Собрание мислам дека требаше вие да се заинтересирате за презентирањето на оваа делегација на достоинсвен начин со претставници од ова Собрание, посебно од претставниците од сите парламентарни групи и мислам дека еден од тие се одговорни за оваа работа и сноси голема одговорност мислам дека сте и вие лично вие претседателе. И освен тоа мислам дека направивте една голема грешка со што можеби требаше да ги информирате шефовите на парламентарните групи, да се иформира парламентот во целост дека е запоставен парламентот во целост , кој како законодавен орган за секое спорно прашање во текот на Самитот на НАТО треба да донесе полноправни одлуки со тоа што ќе ја овласти делегацијата на Република Македонија на Самитот на НАТО. Затоа велам дека не го положивте испитот, сите паднавте на испитот. Преку вас и ние ја сносиме одговорноста, ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски** Жалам, но навистина во уставниот опис и деловнички на моите ингеренции не е ингеренцијата мешање во составот на вакви делегации од ваков тип кои ги определуваат други.

Повелете госпоѓа Топузова-Каревска, вие имате збор, исто така процедурално.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Мора да признаеме сите вклучувајќи ве и вас дека е направен сериозен пропуст при составувањето на делегацијата која што отпатува на Самитот во Букурешт и навистина не можам да не реагирам особено по обраќањето на колегата Веле Митановски. Не се работи за сепаратни интереси како што тој кажа туку навистина се работи за улогата и значењето на парламентот. Со составувањето на делегацијата која што отпатува во овој значаен момент за Република Македонија неземајќи го предвид парламентот како всушност се случуваше и во целиот овој значен период изминат за Република Македонија, последниот месец, парламентот ниту еднаш да не расправа за сите проблеми кои што се однесуваат околу Самитот и името. Значи мислам дека не е добро затоа што се девалвира и деградира уставната определба на парламентот. Значи имаме крајно непочитување и мене ми јасно зошто Владата го прави тоа се со една единсвена цел за се што е лошо во државата да биде одговорен парламентот и пратениците, по можност најмногу опозицијата, а се што е добро Владата грижејќи се исклучиво за својот рејтинг. Мислам дека не само што парламентот треба да расправа единствено се согласувам дека можеби е најдобро да се стрпиме уште еден ден, да заврши Самитот на НАТО, да ја добиеме добрата вест, а потоа парламентот јас би ве замолила како претседател да не чекате другите да доставуваат информации, туку да побарате во понеделник на седница да дебатираме по ова прашање.

Само така ќе можеме да го вратиме дигнитетот на Собранието. Инаку се друго оди во насока на крајна девалвација на парламентот и затоа не ме зачудува што парламентот има толку низок рејтинг.

Ако ние самите не се грижиме за својот рејтинг не можеме да очекуваме дека Владата ќе го прави тоа, затоа што на Владата не и одговара парламентот, има добар рејтинг.

Очекувам дека ваква седница вие ќе закажете за во понеделник, а дотогаш да почекаме и се надевам да слушнеме добра вест од Букурешт, а потоа ќе имаме за што да дебатираме.

**Љубиша Георгиевски:** Две работи не се спорни што ги кажавте.

Првата е да почекаме, а и втората не е спорна дека треба да дискутираме за тоа. Но исто така не е спорно дека дневниот ред го предлагаме како претседателство на координации и исто така не е спорно дека на денешната координација ваков предлог немаше. Кога ќе има ќе го разгледаме и ќе го спроведеме.

Господин Ружди Матоши, повелете.

**Ружди Матоши:** Благодарам господине претседател.

Јас ќе бидам краток. Од посебно значење е тоа што делегацијата која што отпатува во Букурешт се води од премиерот, заменик премиерот Ставревски и министерот за здравство, господинот Имер Селмани. Од посебно значење е да се оставаат настрана политичките флускули и политичките маркетинзи. Цел на регионот е Македонија да биде дел на НАТО заедно со Албанија и независно Косово.

Ова е многу битно за развоите во регионот каде што цел регион ќе се интегрира таму каде што му е местото. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Според протоколот и теркот на НАТО денеска во Букурешт заседаваат претседателите на државите и премиерите на државите. Според тоа тие се Владата и претседателот на Република Македонија. Тоа се придружните делегации. Значи се работи за владина делегација.

Во таа насока точно е тоа што го вели господинот Ружди Матоши.

Други се политичките , пред се како би било кога би било и тоа треба да се дускутира, не треба да се пропушти.

За збор се јави господин Џеват Адеми.

Повелете господин Џеват Адеми, имате збор процедурално, ова е се процедурално.

**Џеват Адеми:** Да, се процедурално но морам да интервенирам господине претседател зато што јавна наша делегација која отпатувала за Самитот во Букурешт каде државата очекува покана за членство во НАТО, а почитуваниот господин Матоши не го спомна министерот за одбрана. Таму сме заради тој фактор. Политиката е второто, а министерот Селмани е дел од делегацијата да носи документи тоа е друга работа.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете господине Бесим Догани.

**Бесим Догани:** Благодарам претседателе.

Сакам да реагирам во однос на начинот како се произнесува господинот Адеми. Мислам дека е излишен со неговате неумесни изјави и сакам искрено да му кажам да не биде дете, да биде малку поискрен и малку поумерен, бидејќи животот не секогаш е игра. Историјата не секогаш доаѓа пред портите на една држава, на еден народ и ќе го замолам да биде покоректен и повнимателен во неговиот говор.

Исто така како парламент не се согласувам со тоа дека што го направил господинот Груевски, не можам да ве обвинам вас бидејќи вие сте претседател на парламентот и немате ингеренции да го изготвувате списокот на учесниците на оваа Конференција, овој Самит, но имајќи го во предвод тоа како постапија две други држави значи премиерот Груевски направи голем пропуст, кој ќе го оштети него како премиер бидејќи не знаеше да направи етнички преглед, затоа што во Македонија се знае од колку етникуми делегацијата треба да ги отслика етникумите во Македонија.

Второ, тој немаше вооопшто оправдување во владината делегација да го опфати парламентарноит живот односно да земе во неговата делегација и учесници кои дале инзвонредно голем придонес за членството на Македнија во НАТО од редовите на парламентот односно на пратениците, а одговорност а ќе ја сноси тој како премиер.

Тој е премиер, не сме ние премиери, не е Џеват Адеми премиер. Кога ќе дојде Џеват Адеми во позиција да раководи тогаш ќа ја сноси тој одговорноста, а дотогаш би го замолил да не невредува, бидејќи секој ја знае својата улога. Дали носи ташни или други нешта, ние занеме Џеват Адеми колку сака да носи ташни, но таа можност не му се укажа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Рафис Алити повелете, вашите три минути.

**Рафис Алити:** Вие годподине претседател не можете да се оправдате, или пак не ве амнестира тоа дека немате надлежност. Вие сте во најтесниот круг на луѓето кои што сносат одговорност на оваа држава.

Доколку немате надлежности, тогаш премиерот требало барем да се посоветувал со вас. Доколку тој не побарал ваша помош, вие сте требале да му се обратите и да побарате да се сретнете со него, затоа што вие не претставувате сите нас и вие не говорите во ваш личен интерес, туку треба да говорите во интерес на сите пратеници на ова Собрание.

Се согласувам со петходниот говорник, дека навистина на овие самити како што е овој Самит во Букурешт, тоа се историски моменти и факт е дека одговорноста ја сноси Никола Груевски. Меѓутоа, факт е дека ние ќе сносиме поголема одговорност како пратеници. И не е воопшто мал пропуст од страна на премиерот тоа што не се во состав на делегацијата, значи и другите заедници, посебно ние Албанците и со Уставот и со Охридскиот рамковен договор се промовира правичното и соодветно застапување. Требало барем најмалку 12 Албанци да има во таа делегација.

Се согласувам со Бесим дека не е добар пристапот што можеби го искажа Џевад Адеми. Меѓутоа, ќе го потсетам дека во 90-тите години кога еден албански претставник учествуваше во ОНА, заедно со тогашниот претседател Глигоров истите зборови ги кажаа и претставниците на неговата партија. Така што таквите пропусти нас не чинат многу.

И како парламентарна група навистина ние сме резигнирани за потсмевањето кое што господинот Груевски во оваа прилика го кажува кон Албанците, не нас како пратеници од опозицијата, туку едноставно како кон една заедница на Албанци кои што живеат во Република Македонија, кои што го дале нивниот придонес во насока на евроатланските интеграции. И денес кога ние треба да бидеме во Букурешт, целосно сме игнорирани од страна на премиерот. Се поставува прашањето каде ја води оваа држава тој премиер, за каков соживот говориме, или што градиме кога даваме на светот такви пораки какви што дава премиерот.

**Павле Трајанов:** Почитуван претседателе еве само накратко. Мислам дека ние треба да одлучиме дали денеска ќе работиме по утврдениот дневен ред по точките, или пак ќе ја прекинеме седницата, бидејки оваа седница сега се искористи за процедурални прашања кои што немаат врска со дневниот ред.

Јас ги разбирам сите овие сугестии. Меѓутоа, треба да водиме сметка за нашиот национален и државен интерес, поготово после говорот на претседателот Буш кој што децидно рече дека утре Македонија, Албанија и Хрватска ќе бидат примени во НАТО. Мислам дека не треба сега да отвораме расправа која што апсолутно не е во функција на градење на единствен став, или единство во Република Македонија. Затоа имаме две опции, или да ја прекинеме седницата, или да работиме по точките. Да не отвораме расправа за други прашања. Инаку сигурно дека сосема разбирливи се негодувањата на дел од пратениците околу тоа како и на кој начин е формирана делегацијата.

**Љубиша Георгиевски:** За тоа дали ќе се отвори расправа, или не, не треба да се одлучува. Дневниот ред е фиксно утврден. Но, исто така, не треба да се постапува репресивно кон определени процедурални реакции.

Затоа јас уште еднаш ќе му дадам збор на господинот Рафис Алити уште три минути и после предлагам да поминеме на материјалната расправа заради која сме собрани.

Повелете, господине Алити имате три минути процедурално.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Немав намера да побарам процедурално, но претходниот говорник кој на тој начин ги објаснува работите, навистина ме наведе да побарам процедурално. Така што во име на парламентарната група барам половина час пауза.

**Љубиша Георгиевски:** Половина час пауза по барање на господинот Рафис Алити.

После тоа ќе продолжиме со расправа по дневниот ред.

(Пауза од 12,58 часот)

(По паузата седниоцата продолжи во 13,40 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците кои не влегле во салата, да повелат да влезат во салата за да можеме да продолжиме со седницата.

Уште еднаш ги повикувам пратениците кои не влегле во салата, да повелат да влезат во салата за да можеме да продолжиме со седницата.

Продолжуваме со седницата.

Процедурална интервенција три минути господинот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Во име на парламентарната група на Демократската унија за интеграција, барам од пратениците и од вас како претседавач и претседател да ја прекинеме оваа седница, а истовремено пратениците да бидат во Собранието и околу Собранието. Ова го велам од причина што мислиме дека навистина нема амбиент да расправаме за закони кога пратениците не се концентрирани за да расправаат за законите предвидени во дневниот ред на 104-тата седница. Мислиме дека би било добро и пратениците, или да не се ставиме во позиција само да ги изгласаме овие закони. И мислиме дека е од интерес на Собраниево, на овој законодавен дом навистина кога ќе ги изгласаме законите предвидени, навистина да има суштествена расправа и сите пратеници да го дадат својот придонес. А во овој амбиент кој е создаден во земјава и овде во Собраниево, мислиме дека би било подобро овде сега да ја прекинеме работава, велам уште еднаш, ние како парламентарна група ќе бидеме внатре во Собраниево и на тој начин ќе работиме по комисии и тоа што се бара од нас.

**Љубиша Георгиевски:** Ако имате подршка од 10 пратеници вашиот предлог ќе го ставиме на гласање.

Има ли поддршка од 10 пратеници? (Има поддршка од 10 пратеници).

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата за да можеме да гласаме.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеници, за гласале 13, воздржани нема, против 41.

Тоа значи дека процедираме понатаму со седницата.

Процедурално господинот Есад Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Почитуван претседателе, почитувани претставници на извршната власт, почитувани колеги. Веројатно во претходниот период од час и нешто во Собранието доволно беше кажано за моментот и за важноста на тој момент. Сакам да кажам дека она што господинот Рафис Алити го кажа и јас потполно се сложувам, затоа што сите ние очекуваме дека утре ќе добиеме поволни вести, бидејки она што 15 години, односно 17 години од ослободување на Република Македонија како основна цел е, ќе доживее и завршница. Несакајки да го коментирам партиско семејниот состав кој што отпатува таму и пред малку реков дека фалат уште некои пудлици на некои одредени советници. Меѓутоа сакам да ве замолам, бидејки има уште десетина минути, дали ќе одиме на комисиите во салите, дали ќе одиме во џамии и во цркви да се молиме, затоа што така ми изгледаше и вчерашната изјава на премиерот, би ве замолил уште еднаш човечки да престанеме да ја силуваме демократијата во Република Македонија . Ако колегите од една пратеничка група од кое што присуство зависи гласање за одреден број на законски проекти кои понатаму како домашна задача ќе ги имаме во одреден период, да ги послушаме и вие како претседател да пресечете, а да не се криете секогаш зад гласањето, бидејки како претседател на ова Собрание имате искрено и овластување и право и можност, само се поставува прашање дали постои желба, да прекинеме, малку да се смириме. Затоа што сметам дека секое понатамошно работење само ќе не вовлекува во поголеми нервози. Би ве замолил повторно, сакам да го преформулирам малку поинаку, да продолжиме после 15,00 часот, бидејки можеби еден час кај вас и кај добар дел од колегите ќе го промени начинот на размислување, затоа што не сакајки да коментирам дека, да се оди само со еден Албанец и тој Албанец да биде министер за здравство, не да биде шефот на НАТО делегацијата, да оди еден претседател на комисија, а да не оди друг, или трет, да го оставиме тоа позади нас. Да оставиме утре да дојде пokаната здравје боже и во петок да почнеме, или во понеделник да работиме онака

како што му прилега на едно Собрание, на една Република, и на една држава која што ќе биде членка на НАТО.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Рахиќ, вие знаете колку ве почитувам и затоа не ви одземав збор. Инаку, ваков збор после гласање, после изразена волја на Собранието е депласирано. Но, ве сослушав, затоа што ве почитувам и вие секогаш имате добри предлози.

Три минути процедурално господинот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Јас имам во врска со точката која што ќе започне расправата очигледно. Јас имам едно барање процедурално и предлог до претставникот на Владата. Имено, по однос на Законот за заштита и спасување. Според информациите кои што ги имам од Министерството за транспорт и врски, отворено ќе кажам, разговарав со заменик министерот за транспорт и врски. По однос на овој закон има мислење кое што било доставено од Министерството за транспорт и врски до владините комисии и до Владата кога се расправало во Влада за овој закон. Имено, се работи по однос на прашањето за плаќањето на пари за скривници. Тоа се регулира во овој закон. Јас би замолил господине претседателе, на нас пратениците да ни се достави мислењето од Министерството за транспорт и врски. И сега нема да ви предложам да гласате и Комисијата за транспорт да го разгледува, со оглед на тоа што нема тоа да го прифатите. Но, со оглед на тоа што се работи за едно суштествено прашање со кое што на граѓаните на Република Македонија им се наметнува една давачка при изградбата на станови во Република Македонија прашање за кое што според информациите од Министерството за транспорт и врски, Министерството има спротивно гледиште од Министерството за одбрана кое што изнајде начин како со пари на граѓаните да раководи при изградбата на скривниците и нивно изнајмување и нивно користење Министерството за одбрана и новата Агенција која што сакаат да ја формираат. Би замолил предлагачот да ни го достави мислењето кое што Министерството за транспорт и врски го има доставено до Владата. Затоа што и овие постоечки скривници сега голем дел ненаменски се користат. Од друга страна Агенцијата сака да земе пари од граѓаните на Република Македонија и Министерството за одбрана, минимум во Скопје тоа ќе биде по 50 евра од квадрат и тие скривници после кои што самите граѓани ќе ги градат Министерството за одбрана да ги изнајмувало. Јас знам дека кај пратениците ќе помине овој закон. Но, сакам пред време да ви укажам дека тоа не е добро. Ако веќе им земате пари на граѓаните, ако ги терате тие да си градат скривници, вие да стопанисувате со нив? Тие пари, ако веќе се градат треба да ги издвои Владата од Буџетот на државата. Не може да ги зема од граѓаните. И затоа би ве замолил мислењето од Министерството за транспорт и врски да се достави до сите пратеници како би можеле ние да расправаме адекватно како што треба за овој закон.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Најдовски, посебно ви благодарам што ова е прва процедурална интервенција која навистина има врска со Законот поставен на дневен ред и која е реална и конструктивна, а не е злоупотреба на говорницата. Но, што е, тука е. Јас мислев, искрено мислев дека некој од пратениците ќе се сети да оддаде и признание затоа што во овие два драматични дена за НАТО, ние имаме на дневен ред европски закон од областа на одбраната. Тоа не е ни случајно. Имавме шанса така да го испланираме. Така го испланиравме ние на денот кога треба да добиеме покана за НАТО брзаме уште да ја довршиме европската агенда по одбраната. Но, што е, тука е.

Една минута процедурална интервенција на господинот Николовски.

**Александар Николовски:** Благодарам претседателе, почитувајки го она што претходниот колега го кажа и со намера да продолжиме да работиме по законите кои што ги имаме на дневен ред, јас би сакал и во свое име и во име на пратеничката група накратко да се осврнам на она што навистина не енетресира сите нас денес за што говориме.

Би сакал да кажам и да искажам разбирање за сите аргументи кои што беа искажани претходно. Со дел од нив и се согласуваме и сметаме дека држат место, но треба да ја гледаме ситуацијата онаква каква што е. Во моментот имаме еден предизвик кој што е навистина историски за државата, предизвик кој што детерминира многу работи кои што ќе се случуваат во иднината.

Она што е факт е дека Македонија ја заслужи поканата и Македонија ја има поканата. Единствената причина поради која што може да не се случи поканата е билатерален спор на кој што ние во моментов не можеме да влијаеме.

Сакаме да изразиме благодарност на сите пратенички групи во овој парламентарен состав, како и на сите претходни состави на парламентот од 1990 година наваму, кои што со жар, со енергија и со волја работеа на усвојување на законите кои што денес ја донесоа Македонија на позиција претседателот на Соединетите Американски Држави да искаже јавна благодарност и да искаже дека државата заслужува членство во НАТО.

Во таа насока би сакале да апелираме, да го задржиме таквиот имиџ на Парламентот како место во кое што се работи, како место во кое што се застапуваат интересите на граѓаните и во истиот дух, дури и во денот на одлука, во денот на историја да продолжиме да работиме, за да покажеме дека работата е единственото што ќе му донесе добро на овој народ. Повторно со благодарност до сите пратенички групи во овој парламентарен состав и сите претходни

парламентарни состави за се што прават добро за Македонија. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам господине Николовски, но вие знаете дека само пред пет минути Парламентот изгласа да работиме. Според тоа, ќе работиме.

Објавувам прекин на седницата до 15,02 часот.

(По паузата)

Поради непостоење услови за продолжување на седницата, ја заклучувам денешната работа и закажувам седница за утре во 11,00 часот.

Содржината на утрешната седница ќе ви биде соопштена по СМС.

(Седницата прекина со работа во 15,20 часот)